# цртежи

# мартиноски

ЛИКОВ. САЛОН НА ДЛУМ

ИЗЛОЖБАТА Е ОТВОРЕНА ОД 7. ДО 29. АПРИЛ 1981. ГОДИНА

# цртежи

## никола мартиноски

## ЦРТЕЖИТЕ НА НИКОЛА МАРТИНОСКИ

Цртежите прикажани на оваа изложба се само мал дел од извонредно богатото творештво на Никола Мартиноски, а се настанати меѓу 1967 и 1971 година. Содржејќи низа одлики на сето претходно дејствување на уметникот во цртачката дисциплина, неговите дела од оваа етапа се изделуваат и со некои посебни белези.

Така, карактеристично е воопшто за цртежот на Мартиноски дека е тој последица на специфична визуелна луцидност, на способноста да се продре во битната пластична оформеност на мотивот; и да се извлече, преку тоа, неговиот речиси апстрактен линеарен состав, во кој е содржана неговата суштина естетска, односно уметничка димензија. Оттука, цртачката постапка на Мартиноски уште од најстарите негови творби наметнува чувство за целосност и довершеност на уметничкото изразување. Цртежите на Мартиноски се потполно сраснати и со едновремениот развој на неговото сликарство; и во нив постојано се остварува таква експресивност преку која уметниковото внатрешно битие се искажува со немрина сила: го претвора цртежот, движењето на линијата, во медиум на некоја некрекидна катарза. Како со тоа Мартиноски да ја ослободува својата свест од сé она што тлее под неа во длабочините на неговата личност. Од формално-стилска гледна точка, цртежот на Мартиноски речиси непрекинато и паралелно открива родственост, блискост со некои творби на европскиот експресионизам и со нашата средновековна уметност. Тие афинитети осцилираат од отвореност за привлечноста на Модилјаниевиот, потег полн со некоја „медитеранска“ рафинираност, болезненост, суптилна меланхолија и деформација што се доближува до своевиден маниризам; па сé до достигнување остра уочливост и отвореност за поангажирана комуникација со мотивот, во која се преплетуваат моменти на различни емоционални состојби на уметникот: сочувство, пред сé човечко, за обични секојдневни социјални проблеми на своите модели; возбуденост со драмата на човекот во вителот на природни катаклизми и лирски вознемирени, нагласено сензуални искажувања за животот, младоста, љубовта итн. Тоа е изразено со вешта, проучена дефор-

мација, експресивна вознемиреност и разбиеност на чистата, оголена и истенчено арабескна линија.

Во годините кога се настанати сега изложените цртежи, Мартиноски оформи една цртачка и сликарска фаза што може да се определи како извесен „реалистички интермецо" во неговото творештво: тоа е уметничка изразност што содржи стремеж кон понагласена соодветност со мотивот. Овие настојувања не беа доследно спроведени, зашто Мартиноски не можеше да се одрече од некои суштински белези на својата уметност.

Цртежите од оваа етапа често се изведени со впечатлива, виртуозна постапка. Мартиноски и во нив се служи единствено со пробивна, гола, скржава линија: со неа умее да го извлече карактеристичното не само во мотивот туку, без да настојува да го определи со цртачки средства, да го „навести" просторот во кој тој е сместен. Така умртвената површина на белиот цртачки лист се претвора во ликовно логичен амбиент, во кој се остварува авантурата на уметниковиот потег.

Стремежот кон монументално разбрани, речиси патетично замислените стави забележани во сликите, особено се согледува во цртежите од оваа етапа што го имаат за мотив мајчинството. Во општата поставеност, тоа се женски фигури со дете, предадени најчесто во некаква „пирамидална" насоченост на телата. Од тоа произлегува чувството на смиреност, здржаност, достоинство. Другпат, цртежите на Мартиноски се одликуваат со смислени скратувања на телата и со барање на впечатливи пози. Во мотивите што претставуваат повеќе женски и детски фигури, Мартиноски користи поразиграна, смела и извиена линија: со неа открива бизарни, необични и „предизвикувачки" детали и пози.

Конечно, во сите овие творби повторно се разоткрива особеното разбирање на Мартиноски за човекот. И во најскромните членови на општествената пирамида уметникот ја пронаоѓа не само нивната резигнација, туку и убавината, благородството и достоинството на нивните личности.

**Борис Петковски**

[illegible]









СОДРЖИНА


1. Горда мајка, 1967 г.
2. Мајка Севдија, 1969 г.
3. Мајка што седи, 1969 г.
4. Чедо мое, 1967 г.
5. Тажна мајка, 1968 г.
6. Доилка, 1970 г.
7. Млада мајка со дете, 1968 г.
8. Девојчиња и момче, 1968 г.
9. Неџмија, 1967 г.
10. Две сестри со дете, 1968 г.
11. Момче и девојче, 1968 г.
12. Другарче, 1968 а.
13. Композиција IV, 1968 г.
14. Даира со керките, 1978 г.
15. Везира со детето, 1967 г.
16. Цигани II, 1968 г.
17. Мајка со дете, 1969 г.
18. Сон I, 1969 г.
19. Закрила, 1972 г.
20. Две другарки, 1968 г.
21. Три девојчиња, 1970 г.
22. Мајка со дете, 1968 г.
23. На починок, 1968 г.
24. Одмор, 1968 г.
25. Игра I, 1972 г.
26. Игра II, 1972 г.
27. Девојчиња, 1969 г.
28. Доилка XII, 1968 г.
29. Четири девојчиња, 1968 г.
30. Циганка со дете, 1969 г.
31. Другарки I, 1968 г.
32. Наза со бебето, 1970 г.
33. Девојчиња II, 1969 г.
34. Игра III, 1967 г.

Уредник на каталогот: ПАСКАЛ ГИЛЕВСКИ
Технички уредник: ЛАЗАР СТАНКОВСКИ
Фотографии: МАРИН
Издава: Д Л У М
Печат: З.О. Светлост ООЗТ „Графички“ — Скопје
Тираж: 500 ком.